**ОБСЕ – Канцеларија За демократски институции и човекови права**
**Мисија за набљудување на изборите**
**Република Македонија**
**Локални избори, 24 март 2013 год.**

# ПЕРИОДИЧЕН ИЗВЕШТАЈ
## 25 февруари – 11 март 2013

**13 март 2013**

## I. ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

- Изборите за Градоначалници и Општински совети ќе се одржат на 24 март во 80 општини и во градот Скопје. Градоначалниците се избираат со мнозински модел, а советите со пропорционален модел на избори. Доколку некој кандидат за градоначалник не победи со апсолутно мнозинство во првиот круг и доколку одзивот на гласачи е помал од една третина од регистрираните гласачи во општината, ќе се одржи втор круг помеѓу првите двајца кандидати, во рок од две недели.

- На 2 јануари, Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ) објави дека ќе ги бојкотира локалните избори доколку не се исполнат одреден број барања. За период од речиси два месеци, владејачката Внатрешна македонска револуционерна организација - Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО - ДПМНЕ) и СДСМ не постигнаа компромис за ставање крај на постоечката криза. На 1 март, партиските лидери конечно постигнаа договор со посредство на Европската Унија, со што заврши бојкотот на Парламентот од страна на опозицијата, како и бојкотот на локалните избори. Крајниот рок за регистрација на кандидати беше продолжен до 8 март.

- Кандидати можат да бидат номинирани од страна на регистрираните политички партии, коалициите, како и од групи избирачи. Барањето на ВМРО-ДПМНЕ од 8 март за повлекување на кандидатска листа во Кичево и Струга беше одбиено од страна на надлежните Општински изборни комисии (ОИК). Двете ОИК исто така ги одбија и кандидатските листи на СДСМ заради тоа што истите содржеле имињата на кандидати кои веќе биле на потврдената листа на ВМРО-ДПМНЕ. Управниот суд ги поништи и двете одлуки. Во продолжениот рок до 8 март беа поднесени вкупно 341 листи за градоначалници и 439 листи за совети на општини од 16 политички партии, 6 коалиции и 89 групи на граѓани.

- Локалните избори се спроведуваат од страна на изборна администрација на три нивоа, и тоа Државната изборна комисија (ДИК), 80 Општински изборни комисии и Изборната комисија на Градот Скопје, како и 2976 Изборни одбори. Седниците на ДИК на кои присуствуваше и ОБСЕ/ОДИХР, во текот на овој извештаен период, се одвиваа на професионален и колегијален начин. Сепак, на 8 март, тензија е забележана за време на седницата кога имаше долги и спорни дискусии околу барањето на ВМРО-ДПМНЕ.

- Вкупниот број на регистрирани гласачи е 1.743.403 и околу 43.633 од нив ги провериле своите детали за регистрацијата во подрачните единици на ДИК во текот на периодот за јавен увид. ОБСЕ/ОДИХР беше информиран од Министерството за

внатрешни работи дека околу 119.000 граѓани не биле вклучени во избирачките листи бидејќи тие не ја поседуваат потребната биометриска лична карта или пасош.

- Изборната кампања официјално започна на 4 март иако ОБСЕ/ОДИХР забележа дека кампања се спроведуваше и пред овој датум. Кампањата досега беше генерално мирна, освен изолирани инциденти поврзани со изборите и насилните протести во врска со назначувањето на новиот министер за одбрана кои негативно влијаеја на кампањата.

- ОБСЕ/ОДИХР започна со своите активности во Скопје на 25 февруари со основен тим од 11 члена. На 2 март, 16 долгорочни набљудувачи беа распоредени низ целата земја. Од 25 февруари, мисијата за мониторинг на изборите на ОБСЕ/ОДИХР ја следи и покриеноста на кампањата од страна на медиумите.

## II. ВОВЕД

Локалните избори беа распишани на 11 јануари 2013 година за 24 март, во согласност со уставните и законските одредби. На покана на Министерството за надворешни работи и врз основа на препораките од Мисијата за проценка на потребите спроведена од 28-31 јануари[1], Канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права (ОБСЕ/ОДИХР) воспостави набљудувачка мисија за изборите (НМИ) на 25 февруари. НМИ на ОБСЕ/ОДИХР, предводена од амбасадорот Герт-Хинрих Аренс, се состои од основен тим од 11 члена со седиште во Скопје и 16 долгорочни набљудувачи (ДН) распоредени низ целата земја. Членовите на НМИ доаѓаат од 17 земји учеснички во ОБСЕ/ОДИХР. ОБСЕ/ОДИХР побара од ОБСЕ да испрати и 300 краткорочни набљудувачи за набљудување на гласањето, броењето и сумирањето на резултатите на денот на изборите.

## III. ПОЛИТИЧКИ КОНТЕКСТ

По присилното исфрлање на членовите на опозицијата и медиумите од Парламентот за време на гласањето за годишниот буџет на 24 декември 2012 година, Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ), една од водечките опозициски партии и неколку од нејзините коалициски партнери, започнаа бојкот на Парламентот.

На 2 јануари, СДСМ најави дека, исто така, ќе ги бојкотира локалните избори доколку не се исполнат голем број на барања, вклучувајќи го и барањето за одржување на предвремени парламентарни избори, реформа на Изборниот законик во согласност со претходните препораки на ОБСЕ/ОДИХР, ревидирање на избирачкиот список и поднесување на оставка од страна на министрите за финансии, внатрешни работи и правда, како и извршниот директор на јавниот радиодифузен сервис Македонска радио-телевизија (МРТ).

Владејачката Внатрешна македонска револуционерна организација - Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ) и СДСМ не успеаја да најдат компромис за ставање крај на претстојната криза во период од речиси два месеци.

На 1-ви март, лидерите на двете партии конечно постигнаа договор со посредство на Европската Унија со што заврши бојкотот на опозицијата на Парламентот и на локалните

[1] Извештајот на Мисијата за оценка на потребите и други претходни извештаи на ОБСЕ/ОДИХР се достапни на: http://www.osce.org/odihr/elections/fyrom

избори[2]. Следниот ден, на итна седница, Парламентот го продолжи рокот за поднесување на кандидати до 8 март, со што се овозможи да се пријават изборни кандидати од опозициската коалиција, Сојуз за иднината.

## IV. ПРАВНА РАМКА И ИЗБОРЕН СИСТЕМ

Правната рамка за локалните избори е регулирана со Уставот и сеопфатниот Изборен законик усвоен во 2006 година, со последните измени од 2 март 2013 година.[3] Со последните измени се продолжи рокот за поднесување на листи на кандидати до 8 март и истото важи само за овие избори[4]. Останатите рокови од Изборниот законик не се променија за да се одрази ваквото продолжување, со што се предизвика одредена забуна кај засегнатите страни за тоа кога официјално започнува кампањата.

Во Заедничкото мислење за Изборниот законик од 2011 година, ОБСЕ/ОДИХР и Европската комисија за демократија низ право (Венецијанска комисија) заклучија дека иако многу од претходните препораки се исполнети "остануваат некои прашања за кои треба понатамошно разгледување."[5] Во договорот со кој се реши политичката криза, владата и опозицијата одлучија да продолжат со изборните реформи по локалните избори врз основа на препораките од ОБСЕ/ОДИХР.

Изборите за Градоначалници и општински совети се одржуваат на секои четири години во втората половина на март. Секоја од 80 општини и Градот Скопје избираат градоначалник и совет. Градоначалниците се избираат со мнозинскиот систем кој се состои од два круга. За да биде избран за градоначалник во првиот круг, кандидатот треба да освои повеќе од 50 % од гласовите, под услов најмалку една третина од гласачите од избирачкиот список за локалните избори да излезат на гласење. Во спротивно, по две недели се одржува втор круг на избори помеѓу двајцата кандидати кои добиле најголем број гласови. Во вториот круг не постои услов за излезност на гласање.

Општинските совети се избираат со пропорционален изборен систем со затворени листи, а местата се распределуваат со користење на формулата *d'Hondt*. Не постои услов за излезност во изборите за општински совет. Бројот на советници избрани по општина зависи од бројот на населението во секоја општина. Тој број не може да биде помал од 9, ниту поголем од 33, освен во градот Скопје каде бројот на советници е 45.

## V. ИЗБОРНА АДМИНИСТРАЦИЈА

Локалните избори се спроведуваат со изборната администрација на три нивоа составена од Државната изборна комисија (ДИК), 80 Општински изборни комисии (ОИК) и Изборната комисија на Град Скопје, како и 2976 Избирачки одбори (ИО).

ДИК е постојано тело одговорно за целокупното спроведување на изборите. Таа е составена од седум члена кои ги именува Собранието со двотретинско мнозинство, со четиригодишен

---

2 Текстот на договорот може да се најде на http://ec.europa.eu/commission_2010-2014/fule/headlines/news/2013/03/20130301_en.htm .

3 Други применливи закони се Законот за радиодифузната дејност, Законот за политичките партии, Законот за финансирање на политичките партии, Законот за државни службеници, Законот за управните спорови, Законот за локална самоуправа, Законот за територијална администрација на локалната самоуправа и Кривичниот законик.

4 Амандманот е усвоен со 84 гласа за и еден против. Се случи за прв пат после 24 декември 2012 година СДСМ и другите партии од опозицијата да се вратат во Парламентот.

5 Заедничко мислење за Изборниот законик на Република Македонија, Мислење бр. 640/2011, CDL-AD (20011) 027: http://www.osce.org/odihr/84226 .

мандат. Претседателот на ДИК и два члена се именуваат од страна на опозициските партии, а заменик-претседателот и тројца членови од страна на владејачките партии. Седниците на ДИК се отворени за акредитираните набљудувачи и медиумите. Седниците на кои присуствуваше НМИ на ОБСЕ/ОДИХР во текот на овој извештаен период беа спроведени на професионален и колегијален начин, а записниците од секоја седница беа објавени на интернет страната на ДИК. Но, на 8 март, беше забележана тензија за време на седницата кога имаше долги и спорни дискусии во врска со барањето на ВМРО-ДПМНЕ да ги повлече своите листи во Струга и Кичево.

ОИК се одговорни за спроведување на изборите во нивната општина. Тие ги именуваат и ја следат работата на ИО кои пак се одговорни за спроведување на изборните процедури на гласачките места на денот на самите избори. И ОИК и ИО имаат свој Претседател, четворица членови и пет заменици. Членовите на ОИК се избираат од редот на вработените во локалната администрација. ИО се составени со примена на мешан професионално - политички модел, при што еден член е именуван од страна на владејачката политичка партија, еден од опозициските партии, а тројца членови се избираат по случаен избор од редот на вработените во јавните служби.

Обуката на ОИК беше спроведена од страна на ДИК на 28 февруари, а ОИК имаат намера да ги обучат ИО во периодот помеѓу 1 и 21 март.

Изборниот законик пропишува етничка и родова застапеност во изборната администрација[6].

## VI. РЕГИСТРАЦИЈА НА ГЛАСАЧИ

Регистрацијата на гласачи е пасивна и ДИК е одговорна за одржување на избирачкиот список врз основа на информациите добиени од регистрите кои ги води Министерство за внатрешни работи и Министерство за правда. Сите граѓани на возраст од 18 години или постари на денот на изборите, кои имаат жителство во соодветната општина и поседуваат валидна биометриска идентификација (лична карта) или пасош и кои со судска одлука не се лишени од деловната способност, ги исполнуваат условите да бидат регистрирани во избирачкиот список. НМИ на ОБСЕ/ОДИХР беше информирана од страна на Министерството за внатрешни работи дека околу 119.000 граѓани не биле вклучени во избирачкиот список, бидејќи не поседуваат биометриска лична карта или пасош.

Според ДИК, 1.743.403 граѓани се регистрирани за гласање на овие избори. За време на периодот предвиден за јавен увид во избирачкиот список, околу 43.633 лица го провериле својот упис во Избирачкиот список во подрачните единици на ДИК[7]. Примени се вкупно 1.788 барања за нови регистрации од кои 4 биле одбиени. Биле прифатени и околу 1.173 барања за измени и дополнувања. Покрај тоа, биле усвоени и 3 барања за бришење на лица од избирачкиот список. Гласачите, исто така, можеа да ги проверат своите податоци електронски, преку интернет програма.

Министерство за правда достави податоци до ДИК за лица кои се во притвор или на издржување казна затвор. Има 11 лица во притвор и 1.446 затвореници кои се регистрирани на посебни изводи од избирачкиот список. Гласањето во затворите, за неподвижни гласачите, како и оние кои се во куќен притвор се одвива еден ден пред денот на изборите.

---

6 Етнички заедници кои претставуваат повеќе од 20 проценти од населението во општината се застапени во ОИК и ИО, додека најмалку 30 проценти од членовите во сите изборни комисии мора да се од различен пол.

7 Периодот за јавен увид беше од 26 јануари до 9 февруари 2013 година.

## VII. РЕГИСТРАЦИЈА НА КАНДИДАТИ

Секој кандидат мора да има право на глас и да биде жител на општината каде ќе биде кандидаран. На локалните избори можат да се кандидираат лица предложени од регистрираните политички партии или коалиции на политичките партии или независни кандидати предложени од групи на избирачи.

Независните кандидати треба да ги поткрепат своите кандидатури со помеѓу 100 до 450 потписи во зависност од големината на општината, а со 1.000 потписи за градот Скопје. Законот исто така препознава голем број на владини функции или други функции поврзани со владата како некомпатибилни со функцијата член на совет на општината или градоначалник.

Кандидатските листи за локалните избори се поднесуваат до надлежните ОИК. Секој трет кандидат на листата мора да биде припадник на помалку застапениот пол. Во општините каде што повеќе од 20 проценти од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот, кандидатската листа може да се поднесе и на тој јазик.

И покрај меѓусебните конфронтирачки односи, ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ се согласија да ги поддржат меѓусебните кандидати во места каде што постои тесна трка помеѓу етничките Македонци и етничките Албанци за кандидат за градоначалник, како на пример во Кичево и Струга. На 8 март, ВМРО-ДПМНЕ поднесе претставка до ДИК барајќи да им биде дозволено да ги повлечат своите листи за кандидати на општинскиот совет во Кичево и Струга. По жолчна дискусија, ДИК гласаше со пет против еден, по етнички принцип, во корист на овозможување на таквото повлекување[8]. Но, ОИК во двете општини не ја прифатија одлуката на ДИК и гласаа против тоа да и се овозможи на ВМРО-ДПМНЕ да ја повлече својата листа. Тие исто така, ја отфрлија листата доставена од страна на СДСМ заради тоа што содржела имиња на кандидати кои веќе се појавувале на потврдената листа на ВМРО-ДПМНЕ[9].

СДСМ поднесе жалба до Управниот суд во врска со одбивањето на листите од страна на ОИК. На 9 март, судот ги поништи одлуките на двете ОИК. Како резултат на тоа, листите на ВМРО-ДПМНЕ се повлечени и прифатени се заеднички листи на СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ во двете општини.

Во продолжениот рок до 8 март, поднесени се вкупно 381 листи за градоначалници и 439 листи за совети од страна на 16 политички партии, 6 коалиции и 89 групи на граѓани.

## VIII. КАМПАЊА И ФИНАНСИРАЊЕ НА КАМПАЊАТА

Како резултат на неодамнешната политичка криза, изборите добија пошироко политичко значење, со тенденција да се фокусираат на национални, а не на локални прашања. Лидерот на владејачката коалиција на ВМРО-ДПМНЕ ги нарече локалните избори и референдум за иднината на земјата, додека предводникот на СДСМ инсистираше дека резултатите од

---

[8] Заменик-претседателот не учествуваше во гласањето бидејќи ја напушти седницата пред да се спроведе гласањето .

[9] Член 57 (2) од Изборниот законик забранува било кој кандидат да се појавува на две различни листи. НМИ на ОБСЕ/ОДИХР беше информирана дека листите на СДСМ за Струга и Кичево содржат 12, односно 13 кандидати, кои веќе биле на листите на ВМРО-ДПМНЕ.

изборите ќе утврдат дали има потреба од одржување на предвремени парламентарни избори[10].

Изборната кампања официјално започна на 4 март и ќе заврши на полноќ на 22 март. Иако законот забранува кампања пред официјалниот датум за почеток на истата НМИ на ОБСЕ/ОДИХР забележаа неколку настани уште на 2 март, и тоа во Кичево (Демократска унија за интеграција, ДУИ) и Штип (ВМРО-ДПМНЕ), кои вклучуваа презентации на изборните програми на кандидатите. Покрај тоа, заради бојкотот и продолжениот рок за пријава, партиите поврзани со Сојузот за иднината на опозицијата почнаа кампања пред нивните кандидати и листи да бидат потврдени од страна на изборната администрација.

Тензиите од двомесечната криза го изостриja тонот на изборната кампања. Сепак, кампањата досега беше умерено присутна низ целата земја, со собири и состаноци одржани во некои од главните населени центри. Билборди и плакати се поставени низ целата земја и скоро сите политички партии и некои независни кандидати ги користат социјалните мрежи и своите веб-страници за да допрат до електоратот[11]. Неколку политички партии изразија загриженост за потенцијалната злоупотреба на административните ресурси и за заплашување на гласачите, особено на вработените во јавниот сектор. Најмногу од кандидатите спроведуваат кампања претежно во една етничка заедница, а мал е бројот на кандидати кои се обраќаат до мултиетнички електорат.

Иако случувањата за време на кампањата досега беа мирни, медиумите објавија неколку изолирани инциденти поврзани со изборите. Покрај тоа, настаните на насилни протести околу назначувањето на новиот министерот за одбрана од партнерот на владејачката коалиција, ДУИ, Талат Џафери, негативно влијаеше на кампањата. Неколку политички партии ги поврзаа протестите и насилните инциденти во земјата со тековната изборна кампања, обвинувајќи ги своите противници дека се обидуваат да се здобијат со корист од зголемувањето на етничките тензии во пресрет на изборите на 24 март.

Сите кандидати се обврзани да отворат посебна банкарска сметка за донации и расходи, кои ќе претставуваат единствените средства за финансирање на изборната кампања. На почетокот на март, Министерството за финансии организираше обука во Скопје за политичките партии во врска со новите форми на финансирање на кампањите. Првиот периодичен извештај за трошоците на кампањата треба да биде поднесен од страна на кандидатите и партиите на 14 март, а вториот на 23 март. Крајниот рок за финалниот извештај е 30 дена по завршувањето на кампањата. Извештаите мора да бидат поднесени до ДИК, Државниот завод за ревизија и Државната комисија за спречување на корупцијата. Во рок од 60 дена од денот на поднесување на финалниот извештај, Државниот завод за ревизија мора да спроведе ревизија и да иницира прекршочна постапка доколку открие неправилности кои се во спротивност со одредбите на Изборниот законик.

Трошоците за кампањата се ограничени на 180 МКД (3 евра) по регистриран гласач во општината за која се поднесува листата. Кампањата може да биде финансирана само од членарини, донации од приватни лица во висина до 5.000 евра од физички лица или до 5 проценти од вкупниот приход во претходната година за правни лица[12].

---

10 Говорот на Никола Груевски (ВМРО-ДПМНЕ) на отворањето на кампањата на "За подобра Македонија" во Охрид на 4 март. Бранко Црвенковски (СДСМ) ги изнесе своите забелешки на 4 март на почетниот митинг во Струмица.

11 НМИ на ОБСЕ/ОДИХР набљудуваше 18 митинзи низ целата земја во текот на извештајниот период.

12 Изборниот законик предвидува ограничување од 5.000 евра, што е еднакво на приближно 306.500 денари .

## IX. МЕДИУМИ

Поголемиот број од регистрираните медиуми во земјата се поделени по јазик и политичка линија. Телевизијата останува клучен медиум и главен извор на политички информации во земјата. Во последниве години се зголеми и улогата на интернетот и социјалните мрежи.

Изборниот законик, Законот за радиодифузната дејност и Правилниците усвоени од страна на Советот за радиодифузија (СРД) ја сочинуваат основната законска рамка за регулирање на кампањата во медиумите. СРД ја надгледува усогласеноста на електронските медиуми. Од 12 јануари, СРД изврши мониторинг на 27 национални и регионални електронски медиуми. Од официјалниот почеток на кампањата, Советот за радиодифузија ги вклучи во својот мониторинг и повеќето регионални и локални електронски медиуми и го зголеми бројот на 142 медиуми врз кои врши мониторинг[13]. Пред официјалниот почеток на кампањата, до СРД стигнаа две жалби. Во првата недела од кампањата, поднесени се три жалби.

Јавниот сервис, Македонската радио-телевизија (МРТ) е должна да обезбеди бесплатно емитување на кандидатите. Законот не го пропишува времетраењето или периодот од денот кога таквото емитување треба да се случува. МРТ одлучи да одвои две минути за секој кандидат за градоначалник и една минута за секој кандидат од листата за општински совети. Таквото време може да го користат исклучиво кандидатите на кои истото им е доделено. МРТ планира да биде домаќин на 5 дебати на македонски јазик и 18 дебати на албански јазик за кандидатите за градоначалници на поголемите општини. Покрај тоа, МРТ има намера да организира 5 програми во кои ќе бидат претставени кандидатите од поголемите општини.

Мониторингот на медиумите се спроведува од страна на НМИ на ОБСЕ/ОДИХР во два временски периоди: првиот од 25 февруари до 3 март, кој го покрива периодот пред почетокот на официјалната кампања. Вториот период ја покрива официјалната кампања, од 4 март до 22 март. Мониторингот на медиумите се состои од квантитативна и квалитативна анализа на емитувањата во ударните термини на два јавни и пет приватни ТВ канали, како и пет дневни весници[14].

## X. ПРИГОВОРИ И ЖАЛБИ

За локалните избори, ДИК е надлежна за жалби во врска со регистрацијата на кандидатите и гласачите, како и други повреди на правата на глас. Жалбите по овие одлуки се решаваат од страна на Управниот суд, чии одлуки се конечни. Жалбите во врска со изборните злоупотреби кои имаат примеси на прекршоци се решаваат од страна на основните судови, а жалбите по нив од страна на Апелациониот суд.

За решавање на приговорите и жалбите во однос на заштитата на правата на кандидатите и правата на гласачите предвидени се скратени рокови[15]. Осум претставки беа поднесени до Управниот суд за време на почетните период на пријава на кандидати, во врска со отфрлање на листи на кандидати: две беа прифатени и шест беа одбиени.

---

[13] СРД одлучи да не врши мониторинг на девет радио станици, бидејќи овие медиуми избраа да не ја покриваат изборната кампања и да не емитуваат политички реклами.

[14] ТВ канали: *МТВ-1* (јавен), *МТВ-2* (јавен), *Канал 5, Сител, Алсат-М, Телма* и *Алфа.* Весници: *Дневник, Нова Македонија, Фокус, Коха, Журнал Плус*

[15] Во некои случаи, подносителот мора да поднесе жалба во рок од 24 часа од приемот на решението од ОИК и Управниот суд треба да одлучи во рок од 24 часа. За приговорите во врска со заштита на избирачкото право, ДИК мора да одлучи во рок од четири часа од приемот на жалбата. Управниот суд мора да одлучи во рок од 24 часа од приемот на одлуката на ДИК.

Во текот на продолжениот период за поднесување на кандидатури, три кандидатски листи кои првично биле одбиени од страна на ОИК заради задоцнето поднесување, подоцна беа повторно поднесени и прифатени[16]. Не се поднесени никакви жалби во врска со гласачките списоци до Управниот суд. НМИ на ОБСЕ/ОДИХР не е информирана за било какви приговори поднесени до Основните судови. Освен двете жалби против ОИК во Струга и Кичево, на 9 март, СДСМ поднесе уште една жалба до Управниот суд против одбивањето на нивната листа од страна на ОИК во Шуто Оризари. Основниот суд ја отфрли жалбата на СДСМ врз основ на надлежност и задоцнето поднесување.

## XI. МЕЃУНАРОДНИ И ДОМАШНИ НАБЉУДУВАЧИ

Изборниот законик предвидува меѓународно и домашно набљудување на изборите. Групите на домашни набљудувачи мора да бидат регистрирани најмалку една година пред денот на изборите и да вклучуваат заштита на човековите права во нивните статути. Организациите МОСТ, Граѓански институт и Институт за демократија планираат да ги набљудуваат изборите. Покрај тоа, секој подносител на кандидатска листа има право да назначи овластен претставник и негов заменик кои ќе ја следат работата на изборната администрација.

## XII. АКТИВНОСТИ НА ОБСЕ/ОДИХР

НМИ на ОБСЕ/ОДИХР започна со работа на 25 февруари. Шефот на НМИ на ОБСЕ/ОДИХР се сретна со Премиерот, Министерот за внатрешни работи, Министерот за надворешни работи, Претседателот на ДИК и лидерите на главните политички партии. НМИ на ОБСЕ/ОДИХР исто така воспостави или иницира контакти со владините институции кои се вклучени во изборниот процес, граѓанското општество и медиумите во главниот град и на регионално ниво. Првата средба со претставниците на земјите учеснички на ОБСЕ се одржа на 7 март. Шеснаесет долгорочни набљудувачи распоредени во тимови од по двајца, се среќаваат со засегнатите страни на регионално ниво и ги набљудуваат настаните од изборната кампања.

*Англиската верзија на овој извештај е единствениот официјален документ.*
*Обезбеден е и неофицијален превод на македонски и албански.*

[16] Сојузот на Титови леви сили во Општина Аеродром и Општина Карпош и Социјалната демократска унија во Ѓорче Петров.